*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-5171/6*
*21.11.2023*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23),член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Штип за 2023 година со Одлука бр. 08-1080/1 од 08.02.2023 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

**ЈАВЕН ПОВИК**

За организирање на јавна презентација и јавна анкета
по изготвен

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО СО НАМЕНА ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА И ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ВО КО КАРАОРМАН, КО КАРАОРМАН ВОН ГРАД - ОПШТИНА ШТИП
– ПРЕДЛОГ ПЛАН –
ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2022-2032

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички план вон населено место со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и површински соларни и фотоволтаични електрани, се наоѓа во територијата на Општина Штип, односно во КО Караорман и КО Караорман вон град. Планскиот опфат за изработка на Урбанистички план вон населено место е дефиниран согласно границите на КП 1127, КП 1655/1, КП 1655/2, КП 1655/3, КП 1656, КП 1618, КП 478/1, КО Караорман, КО Караорман вон град, Општина Штип.

Опфатот е дефиниран со следните граници:

- од север граничи со дел од КП 1618 и дел од КП 478/1
- од југ граничи со дел од КП 1658, КП 1659/1, КП 1659/2, КП 1659/4, КП 1629, КП513, КП 512, КП 511 и КП 510;
- од исток граничи со дел од КП 478/1;
- од запад граничи со дел од КП 1127, дел од КП 1648 и дел од КП 1628

Површината која ја опфаќа опишаната граница изнесува 41773,61м2 односно 4,1ха.

Документацијата ќе биде изработена во согласност со новите и тековни законски прописи, правилници и регулативи т.е Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 32/20, 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и



CS CamScanner

99/23). Сите поединечни елементи ќе содржат текстуален дел со билансни показатели за постојната и планираната состојба како и потребен број на графички прилози.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по изготвен Урбанистички план вон населено место со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Караорман, КО Караорман вон град - Општина Штип – Предлог план – плански период 2022-2032, ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

**ЈАВНИОТ ПОВИК** за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на **22 Ноември 2023 год (Среда) и истата ќе трае петнаесет дена пред започнување на Јавна анкета и Јавна презентација** односно до 6 Декември 2023 год (Среда).

Јавната анкета и јавната презентација по Урбанистички план вон населено место со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Караорман, КО Караорман вон град - Општина Штип – Предлог план – плански период 2022-2032 ќе се спроведе со излагање на Урбанистички план вон населено место во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

**ЈАВНАТА АНКЕТА ќе трае 30 дена и тоа од 7 Декември 2023 год (Четврток) и истиот ќе трае до 5 Јануари 2024 год (Петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 20 Декември 2023 (Среда) во 10:00 часот во просториите на Сала 2 на Општина Штип.**

Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма преку информатички систем на е урбанизам.

*Изработил:*
*Драгана Штерјова, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*

*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

CamScanner